Врз основа на склучениот Меморандум за соработка потпишан помеѓу Универзитетот Св. Кирил и Методиј и ОКТА АД - Скопје, на 31.08.2018 година, Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје распишува

**ОГЛАС**
**за доделување две стипендии на студенти од втор циклус студии**

ОКТА АД-Скопје, (во натамошниот текст: ОКТА) во учебната 2018/2019 година доделува <u>две</u> стипендии за студентитезапишани на втор циклус студии на Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје, на следните студиски програми:

- Применета хемија
- Применета хемија – аналитичка биохемија

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА:

Право на стипендија има кандидатот кој ги исполнува следните услови:

1. Да има завршено прв циклус студии на Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје во траење од 8 семестри, со постигнат просечен успех од најмалку 8,00;
2. Да поседува сертификат, како доказ за активно познавање на англиски јазик;
3. Да не е корисник на стипендија од други даватели;
4. Да е државјанин на Република Македонија;
5. Предност ќе имаат кандидати кои не се во редовен работен однос.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:

1. Пријава (формулар достапен на интернет страната на Факултетот);
2. Копија од диплома/уверение за завршени академски студии од првциклус и уверение за постигнат успех;
3. Уверение-потврда за активно познавање на англиски јазик;
4. CV на македонски јазик.

## III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА:

Стипендијата ги покрива трошоците за школарина во учебната 2018/2019 година во висина од 1.500 евра.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Крајниот рок за пријавување на кандидатите за користење наакадемската стипендија за студии од втор циклус е 16.10.2018 година.Документите може да се доставaт во архивата на Факултетот или попошта на адреса: Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје, ул. Архимедова бр.3, Скопје.

Кандидатот ќе биде избран од страна на Комисија составена одпретставници на ОКТА и претставници од Факултетот, а за кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе биде организирано интервју.

**До Природно – математички факултет – Институт за хемија во Скопје**

**ПРИЈАВА**

**по оглас за стипендии на втор циклус студии од компанијата ОКТА АД - Скопје**

**Генерални информации за апликантот**

- Име и презиме ___________________________________________________________________
- Контакт телефон _________________________________________________________________
- Адреса на живеење _______________________________________________________________
- Дата и место на раѓање____________________________________________________________
- Студент на втор циклус студии на ПМФ-Институт за хемија,на студиска програма
  ________________________________________________________________________________
- Завршен прв циклус студии на ПМФ-Институт за хемијаво Скопје со просечна оцена ________

**Потребни документи во прилог:**

- Копија од диплома/уверение за завршено високо образование
- Потврда за познавање на англиски јазик
- CV на македонски јазик
- Изјава дека не сте корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија

_________________________________

(име, презиме и потпис на кандидатот)